РЕЦЕНЗИЈА

ЗА КОНТЕЈНЕРОТ И (НЕ)КУЛТУРАТА

# Функционално-поетичен дел на стварноста

**Контејнерот е симбол на човечкиот очај и егзистенцијално дно, но исто така е предизвик за реализирање разновидни „ослободувачки" страсти, на некоја човечка драма**

**ВЛАДИМИР ВЕЛИЧКОВСКИ**

Контејнерот, како дел на урбаниот амбиент има две значења и две лица: едното е добро, а другото лошо, денско е или ноќно, функционално или поетичко. Во нашата средина, меѓу разните (не)култури се развива посебен вид „култура на контејнерот".

Веднаш треба да се забележи дека таквата „култура" подразбира некултура на внесување или фрлање отпадоци, потпомогната од уличните мачки или кучиња. Но тие не се единствените посетители на контејнерот: тука се наредуваат сите возрасти и етнички групи.

Контејнерот содржи отпадоци, предмети или материјали од кои човекот сака да се ослободи. Всушност, човечкиот конгломерат некако соодветствува на содржинската „понуда" на контејнерот составена од цели или оштетени реди-мејди, како и остатоци на органски „продукти".

Целото или фрагментот се наоѓаат во близина на процесите на распаѓање, а чистото се валка од нечистото. Контејнерот е необичен предмет и место на одржување на голиот живот, на елементарната човечка егзистенција или комуникација. Контејнерот може да биде предмет на деструктивно изживување, како што се палењата и кршењето, но исто така место на последна шанса, подостоинствено отколку што се другите решенија за преживување.

Контејнерот добива белези на извесна поприфатлива можност или шанса, која изгледа не толку понижувачка во својата крајност. Контејнерот е симбол на човечкиот очај и егзистенцијално дно, но исто така е предизвик за реализирање разновидни „ослободувачки" страсти, на некоја човечка драма итн. Не ретко може да се забележи некој графит и запис или спонтана „естетска" акција, со кои се изразува некое лично или колективно чувство или став спрема стварноста во која се живее.

Контејнерот е необично место, кое со своето присуство дава можност за слободно изразување на сопствените погледи, на некоја романтична желба за промена на краен излез или на блискост гласи: „Бакни ме!".

Контејнерот е функционално-поетичен дел на нашата стварност. Некои сликари надреалисти, како и скулптори ќе дадат сопствена интерпретација со критички забележувања на тема отпадоци, ѓубриште или депонија. Во најновиот период, во рамки на определени проекти контејнерот ќе стане еден од клучните пунктови врз кој се интервенира, главно со декоративни форми, кои треба да го „естетизираат" конкретниот објект.

Контејнерите не останаа незабележани од помладите уметници, кои му припаѓаат на (нео)концептуализмот. Тие ја користат фотографската техника, со различни решенија за да го регистрираат посочениот мотив во сета негова „банална присутност" и објективизирана оптика како знак на една реалност.

Сепак без конкуренција останува ефектот од една ТВ-хроника. Беа прикажани „слики" на преживување на едно семејство, кое се храни со леб од контејнер во кој се наоѓа и тоалет хартија.

Грозоморниот ефект на одрано животно (што ќе нè потсети на крвавите перформанси во живо на уметниците од Австрија до Кина или Англија) ги подвлекува ужасот и крикот на човечката егзистенција, која едноставно е посилна од каква било уметнички смислена акција или транспозиција. ■

МАКЕДОНСКА АК

## Донес
## на сто год

Централниот дел од
фестација „Денови на
ден" ќе се случи од 5-ти
мај 2003 година, во МАН
де што ќе се одржи Нау
собир „Сто години од
денското востание", кој
води организациски о
под претседателството н
демикот Гане Тодоровск
Собирот ќе треба со н
аргументи да се даде
риска оценка на Илинде
то востание како наст
одраз на стремежите во
бата за национална и држ
афирмација на македон
народ, во корелација со р
луционерните традиции и
бено со вториот Илинден
ко и научен осврт на досе
ните истражувања во на
земја и во странство.

Ова беше заклучено
првата седница на Орган
цискиот одбор за одбел
вање на стогодишнината
Илинденското востание
македонскиот народ и од
легувањето на книгата „За
кедонските работи" од К
Мисирков, составен од
нови на Академијата и од

КУЛТУРНО-ИНФОРМ

## Три
## велеш

Во Салонот 2 на Култур
центар, вечерва во 20 ча
КИЦ, Љупчо Маленков, ќе
та на дела од членови на
ните уметници на Велес.

23.1.2003, 13 / Дневник